**ПРАВИЛНИК ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА СОБРАНИЕТО
НА СТОПАНСКА КОМОРА МАСИТ
(пречистен текст)**

**Член 1**

1.1. Со овој правилник се уредуваат работењето и раководењето со работењето на Собранието на Комората МАСИТ. За се што не е изречно споменато во овој правилник, се применуваат одредбите од Статутот на Комората МАСИТ, односно од другите акти на Комората МАСИТ кои упатуваат на правата, надлежностите и работењето на Собранието на Комората МАСИТ.

**Член 2**

2.1.Собранието на Комората е највисок орган и него го сочинуваат сите членови на МАСИТ.

**Член 3**

3.1. Собранието работи на седници.

3.2. Собранието може да одлучува и преку интернет гласање, преку електронска пошта, или писмено по факс.

**Член 4**

4.1. Собранието се состанува најмалку еднаш годишно на редовно собрание, или еднаш или повеќе пати во текот на годината како вонредно Собрание.

4.2. Собранието задолжително се состанува на барање на Претседателот на Собранието, на Претседателот на Комората, на најмалку 10% од бројот на членовите на Комората МАСИТ, или на барање на Управниот Одбор или Надзорнот Одбор.

**Член 5**

5.1. На барање на субјектите од член 4 став 2 на овој Правилник, Собранието го свикува Претседателот на Собранието.

5.2. Претседателот е должен да го свика Собранието на барање на субјектите од член 4 став 2 на овој Правилник.

**Член 6**

6.1. Седницата на Собранието се свикува со Покана која се доставува до членките во хартиена форма или по електронска пошта или на друг начин на електронска достава на/низ комуникациска платформа или сервис.

6.2. Поканата за редовна седница на Собранието се доставува најмалку 30 дена пред одржувањето на Собранието.

6.3. Потребните материјали за редовната седница на Собранието се доставуваат најмалку 10 дена пред неговото одржување.

6.4. Покана за вонредна седница на Собранието се доставува најмалку 15 дена пред одржувањето на Собранието.

6.5. Потребните материјали за вонредна седница на Собранието се доставуваат најмалку 5 дена пред неговото одржување.

6.6. Во поканата за седница на Собранието се наведува времето и местото за одржување на седницата како и Дневниот ред.

6.7. На предложениот Дневен ред за редовно Собрание може да се дадат предлози за негово менување и дополнување најдоцна до 10 дена пред неговото одржување.

6.8. На предложениот Дневен ред за вонредното Собрание може да се дадат предлози за негово менување и дополнување најдоцна до 5 дена пред неговото одржување.

6.9. За предложените измени и дополнувања на дневниот ред се одлучува на почетокот на седницата на дневниот ред со гласање на членовите.

**Член 7**

7.1. Работен кворум на Собранието е половина плус еден член од вкупниот број на членови на Комората МАСИТ, освен за донесување одлука за престанок на работа на Комората МАСИТ за која е потребен работен кворум од 2/3 од членството .

**Член 8**

8.1. Сите одлуки Собранието на Комората МАСИТ ги донесува со обично мнозинство од присутните, освен одлуката за престанок на Комората МАСИТ, која се донесуваат со двотретинско мнозинство од присутните.

8.2. Гласањето е јавно.

8.3. Гласањето по одредени прашања може да биде и тајно, ако за тоа претходно донесе Одлука мнозинството од присутните членови.

8.4. Заради непречено и ефикасно спроведување на активностите на МАСИТ, може да се спроведе електронско гласање (гласање преку електронска пошта) од страна на членките на МАСИТ.

8.5. Електронско гласање ќе се применува селективно: Претседателот на Собранието, во зависност од природата и итноста на прашањата од Дневниот ред, за секој случај поединечно одлучува дали ќе се спроведе електронско гласање, или ќе свика седница на Собранието.

8.6. Претседателот на Собранието може да одлучи електронско гласање да се спроведе за сите или само за поединечни точки од Дневниот ред. Оние точки од Дневниот ред за кои нема да се спроведе електронско гласање, ќе бидат ставени на Дневниот ред за наредната седница.

8.7. Електронско гласање се спроведува на начин што Претседателот на Собранието, преку Извршната Канцеларија на МАСИТ, преку електронска пошта ги повикува сите членови на МАСИТ да се изјаснат за одлуките кои е потребно да се донесат, во определен рок, кој не може да биде пократок од два работни денови. Стручната служба и дополнително ќе ги информира членовите на МАСИТ дека се спроведува електронско гласање и ќе ја нагласи темата и рокот до кога може да се гласа.

8.8. Во случај членот на МАСИТ да не се изјасни преку електронска пошта во определениот рок, ќе се смета за отсутен и истиот нема да се брои во потребниот кворум за работа и одлучување.

8.9. Веднаш по истекот на определниот рок, Претседателот на Собранието преку електронска пошта ќе ги извести членовите на МАСИТ за резултатите од електронското гласање.

8.10. Гласањето преку електронска пошта ќе има иста правна сила и обврзувачко дејство, како и гласањето извршено на седница на Собранието на МАСИТ.

**Член 9**

9.1. Со работата на Собранието раководи во форма на претседавање Претседателот на Собранието на Комората МАСИТ.

9.2. Претседателот на Собранието на Комората МАСИТ има овластувања согласно Статутот на Комората МАСИТ и овој Правилник.

9.3. Претседателот на Собранието на Комората МАСИТ се бира од страна на Собранието, од редот на членките со обично мнозинство, со мандат од 3 (три) години, со право на еден последователен реизбор.

9.4. Мандатот на Претседателот на Комората МАСИТ може да биде продолжен еднократно за да се обезбеди нормално функционирање на Комората и нејзино претставување во правниот промет како и во случај на посебни објективни околности, но за период не подолг од 2 (две) години. Собранието на Стопанска Комора МАСИТ на годишното собрание одлучува за еднократно продолжување на мандатот на Претседателот на Комората МАСИТ.

9.5. Посебни објективни околности за продолжување на мандатот на Претседателот на Комората МАСИТ:

- неможност за избор на нов Претседател на Комората МАСИТ,
- недоволно кандидатури за избор
- потреба од претставување и постапување во тековни активности од значителен обем или важност за работењето на Комората и/или за ИКТ индустријата поврзани со персоналната претставеност на Претседателот на Комората
- виша сила

**Член 10**

10.1. На седницата на Собранието на Комората МАСИТ присуствува и трочлена верификациона комисија.

10.2. Верификационата комисија ја сочинуваат два члена на Собранието и еден вработен од извршната канцеларија на Комората МАСИТ.

10.3. Во верификационата комисија не може да учествуваат членови на Управниот Одбор, Надзорниот Одбор и Судот на честа.

10.4. Верификационата комисија го утврдува присуството на членките на седницата на Собранието, исправноста на полномошната на претставниците на членките, потврдување на записникот и врши пребројување на гласовите при носење на одлуки.

**Член 11**

11.1. На седниците на Собранието на Комората МАСИТ се води записник.

11.2. Записникот се води од страна на назначен записничар од редот на вработените од извршната канцеларија или од трето лице назначено од Претседателот на Собранието.

**Член 12**

12.1. Доколку помеѓу две седници на Собранието е извршен прием на нови членки, на седницата на Собранието како прва точка се врши верификација на членството, по што верификуваните членови имаат право на глас во одлучувањето и нивното присуство се смета како дел од работниот кворум и мнозинство за носење одлуки.

**Член 13**

13.1. На секоја наредна седница на Собранието се разгледува усвојувањето на Записникот од претходната седница.

13.2. Записникот од одржана седница на Собранието се изготвува во пречистена форма најдоцна во рок од 15 дена по одржувањето и му се доставува на Претседателот на Собранието, Управниот Одбор и Надзорниот Одбор.

**Член 14**

14.1. По точките на дневниот ред од Собранието на Комората МАСИТ, со гласање се донесуваат Одлуки, Заклучоци, Препораки и други акти соодветни за потребата на соодветните разгледувани прашања.

**Член 15**

15.1. Актите на Собранието се доставуваат до органите на Комората МАСИТ во рок од 15 дена по нивното донесување.

**Член 16**

16.1. Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Претседател на Собрание на Комората МАСИТ